**20160681984**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 точка 11 алинеја 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15) Владата на Република Македонија, на седница, одржана на 5.4.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ЗОНИТЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОДБРАНАТА

Член 1

Во Одлуката за определување на објектите и зоните од значење за одбраната („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/03), во членот 2, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Како објекти и зони од значење на одбраната се сметаат и објектите и зоните кои се наоѓаат на подрачјето на територијата на Република Македонија, за кое е прогласено постоење на кризна состојба, а во која учествува дел од Армијата на Република Македонија врз основа на акт донесен согласно закон“.

Член 2

Во членот 4 по зборовите „од значење за одбраната“ се става запирка и се додаваат зборовите: „од член 3 од оваа одлука“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-3304/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

__________